АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 08.05.2017 | | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 2383 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје, издавач на магазините „Испрати рецепт“ и „Руски доктор“, и тоа:

- изданието бр.72 на магазинот „Испрати рецепт“ за мај и јуни 2017 година и
- изданието бр.14 на магазинот „Руски доктор“ за мај 2017 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 8-ми мај 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачот на печатен медиум ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

5. **Констатации од надзорот:** Друштвото за издавачка дејност, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ДОО Скопје во целост ја исполни обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, во двата печатени медиуми опфатени со овој надзор.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***